# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Автор:** | Ленче Ристоска | **Датум:** | 30.01.2025 |
| **Врска:** | Е.бр. 8/25 | | |
| **Предмет:** | Годишен извештај за функционирањето на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда за 2024 година | | |

**До:** Јавно обвинителство на Република Северна Македонија

Во насока на доставување на податоци за функционирањето на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда и доставување на известувања за тековната работа на Канцеларијата, вклучително и статистички прегледи, изготвен е Годишен извештај за работата на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда за 2024 година, кој следи во продолжение.

## 1. Присуство на јавниот обвинител за врски во Европравда

Јавната обвинителка за врски на Република Северна Македонија во Европравда и во текот на 2024 година работните задачи ги извршуваше од далечина (online) од Република Северна Македонија.

Основна причина за ваквото функционирање беше немањето за финансиски и административни услови за упатување на јавниот обвинител за врски во седиштето на Европравда во Хаг, Холандија.

Со цел обезбедување на административни услови за упатување на јавен обвинител за врски на Република Северна Македонија во седиштето на Европравда во Хаг, пред Министерството за правда (уште на почетокот на годината) е отпочната постапка за носење на Закон за дополнување на Законот за плати на јавни обвинители, со кој би се регулирале платата, додатоците, правото на здравствена заштита и надоместоците на трошоци поврзани со упатување на јавен обвинител на работа во странство и би се создале и административни можности за реализација на упатувањето на јавниот обвинител за врски на работа во седиштето на Европравда во Хаг.

Дополнително, во рамки на буџетското планирање за 2025 година, од страна на јавното обвинителство на Република Северна Македонија беа побарани средства за упатување на јавен обвинител на работа во седиштето на Европравда, кои од страна на Министерството за финансии беа прифатени и одобрени во целост, така што овие средства се дел од Буџетот на јавното обвинителство на Република Северна Македонија за 2025 година.

Сепак имајќи го предвид фактот дека Законот за дополнување на Законот за плати на јавни обвинители не е донесен и не е формално отпочната постапка за негово носење пред Владата и Собранието, туку законот се уште е во рамки на Министерството за правда, постои објективна неможност да се реализира упатувањето на јавен обвинител за врски во седиштето на Европравда во Хаг.

## 2. Статистички податоци

Во текот на оваа извештајна година продолжи трендот на инволвирање на Република Северна Македонија во случаите регистрирани во Европравда и тоа како по барања на други држави, така и по отворање на предмети во кои Република Северна Македонија се јавува како земја барател на асистенција од Европравда при обезбедувањето на меѓународната правна помош.

Во прилог следи табела на **обемот на работа** на Канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година. Податоците се прикажани на годишно ниво, при што посебно е прикажан бројот на ново-евидентирани предмети во конкретната година и бројот на тековни предмети.

| ЗБИРНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО 2024 | Ново-отворени предмети во извештајниот период | | Тековни предмети од претходен период | | Вкупен обем на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ново-отворени предмети регистрирани во системот на Европравда | Новоотворени билатерални соработки | Тековни предмети регистрирани во систем на Европравда | Тековни билатерални соработки | |
| | 28 | 17 | 64 | 7 | **116** |
| | **45** | | **71** | | |

Табела 1

Видно Табела 1, извештајниот период е започнат со 64 тековни предмети регистрирани во системот на Европравда, како и 7 тековни билатерални соработки. За појаснување, во системот на Европравда се евидентираат предметите во кои е инволвирана Република Северна Македонија и најмалку една земја членка на Европската Унија. Реализираните билатерални соработки со земји кои не се членки на Европската Унија не се регистрираат во системот на Европравда, туку за нив се води посебна евиденција. Во текот на извештајната година отворени се вкупно 45 нови предмети од кои 28 предмети во кои се инволвирани земји членки на Европската Унија и 17 предмети во кои се остварени билатерални соработки.

Во извештајниот период од аспект на **ново-отворените предмети** кои се евидентирани во системот на Европравда, подеднаков е бројот на предметите во кои помош е побара од Република Северна Македонија и бројот на предметите во кои надлежните органи во Република Северна Македонија побарале помош од други држави. Во однос на реализираните билатерални соработки, во 7 предмети соработката е иницирана по барање на надлежните органи на Република Северна Македонија, додека во 9 предмети е иницирана по барање на други држави. Во прилог е содржана табелата на ново-отворени предмети според земја барател.

| **НОВООТВОРЕНИ ПРЕДМЕТИ СПОРЕД ЗЕМЈА БАРАТЕЛ 2024** | Вкупен број на ново-отворени предмети **45** | Број на ново-отворени предмети каде барател е Република Северна Македонија | | Број на ново-отворени предмети каде баратели се други земји | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на предмети во Европравда | Билатерални соработки | Број на предмети во Европравда | Билатерални соработки |
| | | 14 | 8 | 14 | 9 |
| | | **22** | | **23** | |

Во извештајниот период продолжија напорите за **затворање на предметите** и тоа како на предметите отворени во извештајниот период и предметите отворени во претходните години. Во рамки на извештајниот период, како што може да се види и од табеларниот приказ во продолжение, затворени се вкупно 20 предмети, од кои 14 предмети се евидентирани во системот на Европравда, додека 8 предмети се билатерални соработки . Табеларниот приказ содржи детални податоци за годината од која датираат затворените предмети, како и податоци по чие барање овие предмети биле иницирани.

| **ЗАТВОРЕНИ ПРЕДМЕТИ СПОРЕД ЗЕМЈА БАРАТЕЛ 2024** | Вкупен број на затворени предмети **22** | Број на затворени предмети каде барател е Република Северна Македонија | | Број на затворени предмети каде баратели се други земји | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на предмети во Европравда | Билатерални соработки | Број на предмети во Европравда | Билатерални соработки |
| | | 5 | 3 | 9 | 5 |
| | | **8** | | **14** | |

Структурата на затворени предмети според годината во која се формирани предметите е следна:

| **ЗАТВОРЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО 2024 ГОДИНА** | Предмети заведени во 2018 година | Предмети заведени во 2019 година | Предмети заведени во 2020 година | Предмети заведени во 2022 година | Предмети заведени во 2023 година | Предмети заведени во 2024 година | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предмети иницирани по барање на РС Македонија | / | / | / | 1 | 5 | 2 | **8** |
| Предмети иницирани по барање на други држави | 1 | 1 | 1 | 2 | 4 | 5 | **14** |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | **1** | **3** | **9** | **7** | **22** |

Во однос на реализираните билатерални соработки во текот на извештајниот период, треба да се напомене дека најголем дел од билатералните соработки се со земјите од Западен Балкан. Вреди да се напомене и околноста дека остварени се повеќе билатерални соработки со Швајцарија од каде се проследени и спонтани информации за постоење на докази за потенцијални коруптивни дела на лице за кое во Република Северна Македонија веќе во тек се неколку судски постапки. За прв пат е остварена и билатерална соработка и со Нов Зеланд и Бразил. Табеларно прикажано, состојбата на предмети за реализирани билатерални соработки по земја е следна:

| **БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА 2024** | **Број на предмети** |
|---|---|
| Бразил | 1 |
| Нов Зеланд | 1 |
| Србија | 3 |
| Албанија | 4 |
| Обединетото кралство | 2 |
| Босна и Херцеговина | 1 |
| Косово* | 1 |
| Турција | 1 |
| Швајцарија | 4 |
| **ВКУПНО** | **18** |

*Билатералната соработка со Косово и Србија е заведена во еден ист предмет, бидејќи така беше започнато обезбедувањето на бараната меѓународна правна помош

Во рамки на извештајниот период склучени се два Договори за формирање на **заеднички истражни тимови**, од кои еден со Косово, а еден со Србија. Во рамки на двата заеднички истражни тима воспоставена е интензивна соработка, одржани се повеќе координативни состаноци и реализирани се два дена на акција. Во рамки на соработката со Косово на денот на акција уапсен е македонски државјанин во Косово под сомнение за кривично дело Фалсификување на пари - монети евра и воедно координирано, во двете држави извршени се претреси на повеќе локации. Во рамки на соработката со Србија во текот на извештајниот период одржани се повеќе координативни состаноци и се вршеа неопходните подготовки за спроведување на ден на акција. Двата заеднички истражни тима беа финансиски подржани од проектот за кривична правда во Западен Балкан во рамки на Европравда (WB Crim Just Project), преку обезбедување на финансиски средства за учество и одржување на координативни состаноци, како и набавка на опрема неопходна за функционирање на заедничкиот истражен тим. Јавниот обвинител за врски активно учествуваше во обезбедување на стручна помош и поддршка на функционирањето на двата заеднички истражни тимови.

Во текот на извештајната година продолжи да функционира заедничкиот истражен тим склучен во претходните извештајни периоди со Италија, Албанија и Косово за предмет од областа на тероризмот.

По однос на останатите заедничките истражни тимови од претходните извештајни периоди, со оглед на исцрпување на целите заради кои беа формирани, истите престанаа со своето функционирање. Како резултат на овие заеднички истражни тимови, во тек се судски постапки во Република Северна Македонија.

Новина во работењето на канцеларијата за врски е воведување на можности за **обезбедување на спонтани и оперативни информации** за потребите на предмети кои се водат пред јавното обвинителство. Имајќи ја предвид раководната улога на јавниот обвинител уште во најраните фази на кривичната постапка, надлежните обвинители преку јавниот обвинител за врски, обезбедуваа оперативни податоци значајни за насочување на предметите и натамошните истражни дејствија. Ваквиот тип на соработка се реализира преку Европол и каналите на полициска соработка до кои се обраќа обвинителот за врски. Ваков тип на соработка е реализирана во два предмети и обезбедени се бараните податоци. На основа на обезбедените податоци, дефинирани се следни истражни дејствија и еден од предметите е преземен во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, каде беше отворена истражна постапка против повеќе лица.

**Помошната книга** на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда брои вкупно 78 предмети, од кои 56 предмети по кои се преземани конкретни дејствија за обезбедување податоци и меѓународна правна помош и 22 административни предмети (покани за обуки, проследување тематски извештаи и слично, по кои е целосно постапено и проследена е односната документација). За појаснување освен ново-оформените предмети за меѓународна соработка прикажани во Табела 1, во канцеларијата

за врски заведени се и три предмети за обезбедување оперативни податоци, како и предмети за обезбедување на податоци за легислативата и/или праксата на земјите претставени во Европравда упатени до јавниот обвинител за врски.

### 3. Соработка на јавниот обвинител за врски со домашни и странски надлежни субјекти и органи

Во текот на извештајниот период остварена е комуникација на јавната обвинителка за врски на Република Северна Македонија во Европравда со останатите јавните обвинители за врски, како и со националните претставници на повеќе држави членки на Европската Унија во Европравда. Комуникацијата опфаќаше како комуникација за конкретни предмети, така и реализација на онлајн билатерални средби за обезбедување на информации од значење и интерес за меѓународната правна помош.

За остварување на надлежностите и успешно извршување на работните задачи, јавната обвинителка за врски е во постојана комуникација со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и редовно го известува за активностите и тековната работа на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда. Воедно во смисла на одредбите од Договорот за соработка помеѓу Европравда и Република Северна Македонија, јавната обвинителка за врски на Република Северна Македонија во Европравда остварува и директни контакти со домашните надлежни органи во насока на обезбедување на бараната меѓународна правна помош и во насока на проследување на релевантни информации.

Во текот на 2024 година и покрај фактот што канцеларијата на јавниот обвинител за врски во Република Северна Македонија се наоѓа во просториите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, сепак соработката со Одделението за меѓународна правна помош при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија не е на највисоко ниво.

Имено, за еден дел од предметите за кои се барани податоци, не е проследена никаква информација, додека во друг дел проследени се делумни информации. Така од Одделението за меѓународна соработка при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија иако се побарани, сепак не се доставени податоци за броевите под кои предметите се заведени во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, како и податоци на кои надлежни национални органи предметите се проследени на натамошно постапување. Вака бараните податоци се во насока на реализација на обврските од Договорот за соработка на Република Северна Македониј и Европравда, согласно кој јавниот обвинител за врски може директно да комуницира со надлежните национални органи. Отежнатата соработка и недоставувањето на бараните податоци придонесува јавниот обвинител за врски да не може да обезбеди повратна и навремена информација на странските надлежни органи, поради што до јавниот обвинител за врски токму од страна

на странските надлежни органи се испратени ургенции за постапување за повеќе предмети.

Комуникацијата со другите надлежни органи во Република Северна Македонија се одвиваше непречено и во извештајниот период бараните податоци најчесто беа обезбедувани навремено и во соодветна форма.

Комуникацијата на јавната обвинителка за врски со Одделението за меѓународна соработка при Министерството за правда е на исклучително високо ниво, при што навремено и ажурно се постапува по сите барања на јавниот обвинител за врски и се доставуваат бараните податоци.

## 4. Учество на пленарни средби, форуми и конференции

Во рамки на извештајниот период беа одржани повеќе годишни и тематски состаноци во рамки на Европравда. Со оглед на околноста што јавната обвинителка за врски работните задачи ги извршува онлајн, истата присуствуваше на годишниот состанок за криумчарење на мигранти како претставник на Република Северна Македонија, како и на состанокот организиран во рамки на Европравда за размена на искуства и информации за постапување по предмети каде како докази се користат комуникации од SKY ECC апликацијата.

Во текот на месец март 2024 година се одржа и состанок на Европравда во Скопје на кој присуствуваа претставници од Европравда, јавни обвинители од јавните обвинителства во Република Северна Македонија како и претставници во ЕЈН мрежата. Во рамки на овој состанок беше презентирана работата на Европравда и можностите кои Европравда ги нуди во делот на меѓународна соработка, при што излагање имаше и јавната обвинителка за врски. Истиот месец ваков состанок се одржа и во Косово, каде јавната обвинителка за врски имаше презентација за улогата на обвинителите за врски во Европравда.

Јавната обвинителка за врски физички присуствуваше и на првиот регионален консултативен форум на шефови на јавните обвинителства на државите од Западен Балкан и шефови на специјализираните обвинителства во овие земји. Овој настан има за цел да го реплицира годишниот консултативен форум на државните јавни обвинители на земјите членки на ЕУ на регионално ниво и истиот е целосно подржан од Европравда.

Во текот на извештајната година јавната обвинителка за врски активно учествуваше во работата на работната група во рамки на проектот на ЕУ, спроведуван од Европравда за кривична правда во Западен Балкан (WB Crim Just Project) и присуствуваше на состаноците на оваа работна група. Воедно јавната обвинителка за врски во извештајниот период присуствуваше на повеќе онлајн конференции и состаноци (билатерални и мултилатерални) организирани од Европравда или во скоп на извршување на работните задачи како јавен обвинител за врски.

Дополнително, со финансиска помош и поддршка на Европравда, вкупно шест обвинители во текот на 2024 година присуствувале на тематски и стручни конференции организирани од или во соработка со Европравда, а реализирано е и учество на онлајн обуки на јавни обвинители од Република Северна Македонија.

Во рамки на извештајната година од страна на Европравда започната е иницијатива и организација на билатерални состаноци со претставници на земјите од Јужна Америка, така што во периодот што следи посебно внимание ќе биде посветено на развивање на меѓународната соработка во кривичните предмети со овие земји и можностите за склучување на меморандуми за соработка на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со обвинителствата од земјите на Јужна Америка.

## 5. Минати и идни предизвици

Во рамки на извештајниот период јавната обвинителка за врски се соочуваше со предизвици кои се својствени за условите под кои се одвиваше работата на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда.

Посебен предизвик за јавната обвинителка за врски во извештајниот период беше да одговори навремено и професионално на своите работни задачи како јавен обвинител за врски, со оглед на фактот што освен функцијата на јавен обвинител за врски ја остваруваше и функцијата на јавен обвинител во Република Северна Македонија. Сепак значајна позитивна промена што се случи во текот на 2024 година е носењето на Правилникот за предлагање и упатување на јавен обвинител за врски на Република Северна Македонија во Европравда, кој во еден дел го уредува и прашањето за предметите по кои постапува јавниот обвинител за врски.

Потребата од понатамошно унапредување на соработката со Европравда во смисла на определување на постојан претставник на Република Северна Македонија во седиштето на Европравда во Хаг е нешто кое од Европравда се посочува повеќекратно години наназад, а во текот на извештајната година беше посочено и во извештајот на ЕУ за напредокот на Република Северна Македонија. Со оглед на околноста што веќе се обезбедени средства за упатување на јавен обвинител за врски во буџетот на Јавното обвинителство, во периодот што следи посебен предизвик ќе биде комуникацијата со Министерството за правда во делот на препознавање на потребата и неопходноста од ажурно постапување на Министерството во постапката за предлагање на законот за дополнување на законот за плати на јавни обвинители, што би било во насока на овозможување на непречено извршување на функцијата јавен обвинител за врски во полн капацитет.

## 6. Заклучни согледувања

Имајќи ги предвид сите податоци наведени во Годишниот извештај, како и резултатите кои меѓународната соработка ги дава во предметите, може да се констатира дека се поголемо е значењето на јавниот обвинител за врски и неговата улога во успешно и навремено завршување на кривичните постапки со транснационален елемент. Позитивен тред е што освен комуникацијата со државите членки на ЕУ, продолжува да се користи и мрежата на контакти на Европравда, па се реализирани и поголем број на билатерални состаноци и билатерални соработки. Сето ова упатува на заклучок дека работата на канцеларијата за врски на Република Северна Македонија во Европравда е од интерес и на државите членки на Европската Унија и на Република Северна Македонија и со нејзиното функционирање се дава значаен придонес во борбата против транснационалниот криминал, неказнивоста и остварувањето на целите на кривичната правда.

**Јавен обвинител**
**Ленче Ристоска**